## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење), полевка и преку фолијарна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

Редовната и избалансирана исхрана со железото, цинкот, манганот, бакарот и борот е директно поврзана со метаболизмот на растението, формирањето на хлорофил, фотосинтезата, исхранетоста на растенијата со други хранливи елементи, усвојување на водата, итн. Во интензивно земјоделско производство, многу често се случува недостиг на некои од овие хранливи елементи во исхраната на растенијата, поради што се препорачува редовна примена на МИКС 5 во сите фази на раст и развиток на растенијата, а особено на почетокот од вегетацијата и во фазата на цветање и почетно плодоносење. Особено се препорачува за примена на почви со висока pH реакција, каде железото, цинкот, манганот, бакарот и борот се јавуваат во дефицит, но и на останати почви каде има потреба од примена на овие хранливи елементи. Примената на ова ѓубре овозможува подобра фотосинтетска активност, спречување на појава на хлороза, правилен пораст и оплодување на растението, подобра исхранетост на растенијата со други хранливи елементи како азот, фосфор и калиум, подобро регулирање на усвојување на водата, што на крајот резултира растенијата правилно да се развиваат, односно да даваат стабилни и квалитетни приноси. Се препорачува ѓубривото да се аплицира со водата за наводнување или со фолијарна апликација. Со фолијарна апликација може да се отпочне веднаш штом посевите добијат доволно лисна маса за атсорпција на растворот. Најдобар ефект се постигнува со комбинација преку микронаводнување и фолијарна апликација.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Од почеток на вегетацијата до фаза почетно плодоносење | 3-4 апликации на 7-10 дена | 4 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |
| Полјоделски култури | На почеток на вегетацијата (веднаш штом дозволат условите за аплицирање на вода) и во тек на вегетација | 2 апликации | 4 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Рано напролет, веднаш штом дозволат условите за аплицирање вода* | 3-4 апликации на 7-10 дена | 4 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |

* Во оваа фаза фертиригацијата може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување).

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Од почеток на вегетацијата до фаза почетно плодоносење | 3 апликации на 10-14 дена | 300 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Полјоделски култури | На почеток или во тек на вегетацијата | 1-2 апликации на 10-14 дена | 250 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | По отворање на пупките сé до средина на фазата пораст на плод-зрно | 3 апликации на 10-14 дена | 300 ml ѓубриво со 100 l вода |

**НАПОМЕНА**
Растворот од МИКС 5 може да се употребува поединечно или во комбинација со многу пестициди, меѓутоа неопходно е пред секоја употреба да се прочита упатството на производителот на средствата за заштита.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
2 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Бакар (Cu) | (0,30 ± 0,05) % |
| Железо (Fe) | (0,80 ± 0,10) % |
| Манган (Mn) | (0,40 ± 0,05) % |
| Цинк (Zn) | (0,30 ± 0,05) % |
| Бор (B) | (0,20 ± 0,05) % |